ОПШТИНА ЗРНОВЦИ
Зрновци

| Примено: | 16.03.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 295/1 | | |

Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

16. 03. 2026

Биро за јавна безбедност
Сектор за внатрешни работи - Штип
Одделение за полиција
Рег. бр.: 23.28.5-53463/1
Штип, _____________ 2026

**До:** Општина Зрновци
**Ул.„Илинденска" број 186**

**ПРЕДМЕТ:** Одговор на барање, доставува.-
**ВРСКА:** Ваш акт бр. 09-129/1 од 09.02.2026 година

Почитувани,

Во врска со Вашето барање под горенаведениот број, во кое согласно член 14 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на Република Македонија" бр.169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18, 191/18) и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19 и 302/20) барате согласност за времена измена на режим на сообраќај за време на изведување на градежни активности (реконструкција) на локален пат од м.в. „ Оризни Гумна" до м.в.„ Друмот" село Видовиште, во Општина Зрновци, Ве известуваме дека Секторот за внатрешни работи Штип **не ја издава** бараната:

С О Г Л А С Н О С Т

Времено да се измени режимот на сообраќај при изградба на улица односно реконструкција на локален пат од м.в. „ Оризни гумни" до м.в„Друмот" во село Видовиште во Општина Зрновци, согласно основениот сообраќајниот проект изработен од Дарси инг Дооел Скопје со тех.бр. П16-2026 од Февруари 2026 година за изградба улица ,бидејќи потребно е дополнително да доставите детален урбанистички план/ урбанистички проект со кој е утврден режимот на наведената улица како и основен сообраќаен проект за утврдување на режим по соодветен урбанистички план /проект односно да постапете согласно член 348 став 1, 2 и 3. Исто така времениот режим може да се користи на постојна утврдена состојба која во вашиот случај не е утврдена ниту во графичкиот приказ е прикажано за каква улица се работи која е ширината и сите стандарди и нормативи кои се потребни да ги исполнува според утбанистички план / проект, односно се работи за некатегоризиран пат кој се приклучува на регионален пат Р2334 за кој потребно е да се произнесат и други органи како надлежни кон самиот приклучок, а доколку се произнесат дека истото може да се решава на локално ниво во тој случај потребно е да ја доставите целокупната документација.


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул. Х. Т. Карпош ББ, Штип
+389 32 393466
www.mvr.gov.mk

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЗРНОВЦИ
Бр. 08-210/1
27.02 2026 год.
ЗРНОВЦИ

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр. 5/02), Советот на Општина Зрновци на седница одржана на ден27.02.2026 год. го донесе следниот

# П Р А В И Л Н И К

## За доделување на стипендии на новозапишани студенти од Општина Зрновци, стипендии за ученици на самохрани родители, стипендии на ученици на невработени родители, со ниски примања или приматели на социјална помош од основното и средно образование од Општина Зрновци и наградување на ученици од Општина Зрновци за особени постигнувања на Олимпијади, државни и регионални натпревари

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат условите, критериумите и постапката за доделување на стипендии на новозапишани студенти од Општина Зрновци кои студираат на Државните универзитети, стипендии за ученици на самохрани родители, стипендии за ученици на невработени родители, со ниски примања или приматели на социјална помош од основното и средно образование од Општина Зрновци и наградување на ученици од Општина Зрновци за особени постигнувања во образованието, спортот и културата.

I. **Општи одредби**

**Член 2**

Општина Зрновци ќе доделува стипендии на новозапишани студенти од Општина Зрновци кои студираат на Државните универзитети, стипендии за ученици на самохрани родители, стипендии за ученици на невработени родители, со ниски примања или приматели на социјална помош од основното и средно образование од Општина Зрновци и наградување на ученици од Општина Зрновци за особени постигнувања во образованието, спортот и културата.

Стипендиите се доделуваат за 9 (девет) месеци во текот на една студиска/учебна година.

Висината на стипендиите и наградите ја определува Градоначалникот на Општина Зрновци со посебна Одлука.

Стипендиите се неповратни. Исплатата на стипендиите се врши почнувајќи од месец Октомври, а завршува со месец Јуни за студиската односно за учебната година.

Стипендиите се доделуваат на студенти кои студираат на јавните високообразовни институции во Република Северна Македонија и ученици на самохрани родители, ученици на невработени родители, родители со ниски примања или приматели на социјална помош од основното и средно обрзование од Општина Зрновци.

Право на наградување имаат сите редовни ученици од основно и средно образование, или лица кои завршиле средно образование пред не повеќе од една учебна година и освоиле најмалку прва, втора или трета награда на државно ниво, натпреварувајќи се во претходната учебна година во поединечна категорија Олимпијада или во организираниот

систем на натпревари (општински, регионални и државни) по некој наставен предмет и кои ги исполнуваат следните општи услови:

- Да се жители на Општина Зрновци
- Да се редовни ученици во некое од основните или средните училишта во државата (освен за лица кои претходната година го завршиле средното образование)

Висината на наградата за освоено Прво, Второ или Трето место ќе се определи со посебна Одлука на Градоначалникот.

Финансиските средства за предвидените награди и стипендии се обезбедуваат од Буџетот на Општина Зрновци.

## II. Право на стипендија

### Член 3

Право на стипендија имаат студентите и учениците кои се:

- Жители на Општина Зрновци со населените места кои припаѓаат на Општина Зрновци
- Државјани на Република Северна Македонија
- Новозапишани студенти кои студираат на Државните универзитети и ученици на самохрани родители, ученици на невработени родители, семејства со ниски примања или примателите на социјална помош

## III. Критериуми за доделување на стипендии за новозапишани студенти

### Член 4

За доделување на стипендија се утврдуваат следните критериуми:

1. Остварен успех во текот на средното образование 4.00 до 5.00 за студентот
   По овој основ може да се добијат најмногу 40 бода.
2. Дефицитарност на кадрите што за секоја студиска година ја утврдува со посебна Одлука Градоначалникот на општина Зрновци.
   По овој основ може да се добијат најмногу 30 бода.
3. Материјалните можности на студентот и неговото семејство за кој се земаат месечните примња по член на семејство на студентот во однос на просечно исплатената плата во РСМ за последните 3 (три) месеци.
   По овој основ може да се добијат најмногу 30 бода.

Критериуми за доделување на стипендии на ученици:

1. Дете на самохран родител
   По овој основ може да се добијат најмногу 100 бода.

2. Дете на невработени родители, семејство со ниски примања и примателиi на социјална помош.
   По овој основ може да се добијат најмногу 100 бода.

## IV. Постапка за доделување на стипендии

**Член 5**

Стипендиите се доделуваат врз основа на распишан Јавен повик.
Јавен повик распишува Градоначалникот на Општина Зрновци.
Јавниот повик трае 10 дена.
Јавен повик се објавува на огласната табла во општината, во локалните медиуми и на ВЕБ страната на општината.

**Член 6**

На Јавен повик се поднесува Пријава кон која се приложуваат следните документи:

1. **Потврда** за редовно запишан зимски семестар за студенти, а за ученици **Потврда за редовен учени;**
2. **Потврда** за остварена плата за вработените членови на семејството за последниот месец од 2025 година за кој е земено плата;
3. **Потврда** за редовен ученик/студент за членовите на семејството кои се ученици или студенти;
4. **Потврда** за невработените членови на семејството од Агенцијата за вработување;
5. **Потврда** од Центарот за социјални работи доколку некој член е корисник на социјална или постојана парична помош;
6. За членовите на семејството на студентот/ученикот кои се пензионери – **чек од пензија;**
7. **Уверение** за приходи од земјоделска или друга дејност на студентот/ученикот и на членовите на неговото семејство.;
8. **Потврда за самохран родител;**

**Пријавите** со документите се доставуваат во Архивата на општина Зрновци или по пошта на адреса: "Општина Зрновци, ул. Илинденска бр.бб Зрновци.

**Член 7**

Доставените пријави по Јавен повик за доделување на стипендии, ги разгледува Комисија која ја формира Градоначалникот на Општина Зрновци, од редот на вработените во Општинската администрација.

Комисијата е составена од 3 (три) члена и нивни заменици.

Мандатот на членовите на Комисијата трае 4 (четири) години со можност за повторно именување.

**Член 8**

Комисијата за доделување на стипендии работи во полн состав. Комисијата за доделување на стипендии, некомплетните и не благовремени пријави не ги разгледува.

Комисијата за својата работа води Записник.

Комисијата од пристигнатите Пријави утврдува ранг листа и му ја доставува на Градоначалникот на разгледување и одлучување.

Градоначалникот врз основа на доставената ранг листа, донесува Одлука за доделување на стипендии на студенти од Општина Зрновци и ученици на самохрани родители, семејства со ниски примања и приматели на социјална помош од основното и средно образование од Општина Зрновци.

За одлуката за доделување на стипендии се известуваат кандидатите на кои им е доделена стипендија и кои се одбиени.

Против Одлуката на Градоначалникот може да се поднесе Приговор во рок од 5 (пет) дена од денот на добивањето на Одлуката.

Приговорот се поднесува до Градоначалникот на општина Зрновци.

**Член 9**

На студентот и ученикот кој ќе даде лажни податоци поврзани со остварувањето на правото на стипендија ќе му биде раскинат Договорот за користење стипендија, а исплатените средства е должен да ги врати на општината.

Студентот кој нема да запише втор семестар и недолично се однесува во средината (сторено кривично дело, пијанчење, тепачка и слично) во такви случаи на студентот ќе му биде раскинат Договорот за користење стипендија, а исплатените средства е должен да ги врати на општината.

**Член 10**

Со секој студент и ученик на кој му е доделена стипендија ќе биде склучен посебен Договор во кој детално ќе се уреди начинот и условите за користење на стипендијата.

Студентите и учениците на кои им е доделена стипендија имаат обврска да извршуваат практична работа во органите на општината во траење од 15 дена за време на летниот распуст т.е. во месеците Јули и Август.

**Член 12**

Правилникот влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Сл.Гласник на Општина Зрновци.

Совет на Општина Зрновци

Претседател

Благој Бошков

Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

Биро за јавна безбедност
Сектор за внатрешни работи - Штип
Одделение за полиција

Со почит,

Прилог :

- Основен сообраќаен проект за времена измена на режим на сообраќај при изградба на локален пат од м.в. „Оризни гумна" до м.в. „Друмот" во село Видовиште Општина Зрновци

НАЧАЛНИК НА СВР ШТИП
Игор Јаковлевски

**Подготвил: Самостоен инспектор, Емина Димитрова**
Контролирал:Помошник началник ,Горан Колев
**Одобрил: Началник на ОП, Новица Петрушев**


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул. Х. Т. Карпош ББ, Штип
+389 32 393466
www.mvr.gov.mk

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЗРНОВЦИ
Бр. 09-129/1
09.02 2026 год.
ЗРНОВЦИ

СВР-Штип
ПРИМЕНО
Дата 09. 02. 2026

# ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

Општина Зрновци, Илинденска бр.186, 2305 Зрновци, email: info@zrnovci.gov.mk , www.zrnovci.gov.mk , тел: 033/353 105

**До Министерство за внатрешни работи**
**СВР Штип**

**Зрновци, 09.02.2026 год.**

**Предмет: Барање на согласност за времена измена на режим на сообраќај**

Почитувани,

Општина Зрновци согласно член 14 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата(„Службен весник на Република Македонија" бр. 169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19, 302/20 и 122/21), поднесува Барање за времена измена на режим на сообраќај за време на изведување на градежни активности (реконструкција) на **локален пат од М.В. „Оризни гумна" до М.В. „Друмот", с.Видовиште, во Општина Зрновци.**

Со цел обезбедување на согласност од Ваша страна за проектот, Ви го доставуваме Основниот сообраќаен проект за времена измена на режим на сообраќај, за време на изведување на градежни активности на на локален пат од М.В. „Оризни гумна" до М.В. „Друмот", с.Видовиште, во Општина Зрновци . Сообраќајниот проект со технички број П16-2026 од 02.2026 година е изготвен од „Дарси Инг" ДООЕЛ Скопје.

**Прилог**: Основен сообраќаен проект со технички број П16-2026, 02.2026 година, изготвен од „Дарси Инг" ДООЕЛ Скопје.

Со почит,

Општина Зрновци
Градоначалник
Ванчо Митев

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК
ЗРНОВЦИ
ОПШТИНА ЗРНОВЦИ